Согласно член 129 и 130 од Законот за основно образование на (Сл.весник на РСМ, бр.161 од 5.8.2019 година Комисијата за изготвување на самоевалуација на работата на ООУ„Невена Георгиева-Дуња“, Кисела Вода, Скопје изготви

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## ( за учебните 2017/18 и 2018/19год.)

**на работата на училиштето**

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ. Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (дирекни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се допринесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат. Секоја клучна област беше оценета врз одреден број на индикатори за квалитет, а секој индикатор се објаснува преку теми кои се однесуваат на одреденаактивност што се следи во училиштето. До информации и податоци за квалитетот на остварувањето на активностите од сите области се дојде преку следење на педагошка евиденција и документација, следење на наставата и другите вонаставни активности, ресурсите со кои располага училиштето, разговори, набљудувања, анкети, анализи, извештаи и други извори на податоци.

## Добиените резултати од Самоеволуацијата на училиштето ќе ги истакнеме по подрачја:

## Подрачје бр.1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТ НА ПОДРАЧЈЕТО:**

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**

**1.2 Квалитетот на наставните планови и прогами**

**1.3 Воннаставни активности**

**1.4 Планирање на наставниците**

| **Р Е З И М Е** | |
|---|---|
| **Клучни јаки страни** | **Слаби страни** |
| ➢ Целосно реализирање на наставните планови и програми Навремено се изготвуваат годишно - глобални и тематско-процесни планирања<br>➢ Училиштето ја запазува законската обврска, преку анкетирање на учениците, т.е. родителите, да се определат за изборните предмети<br>➢ Училиштето реализира проширена програма<br>➢ Мултикултурната ,родовата и етничката различност се препознава, почитува и негува - Постојат добри примери на соодветно интегрирани содржини со особености од локална средина - Меѓупредметна | ➢ Недостаток од училишен дефектолог<br>➢ Потреба од стручно доусовршување на одделенските и предметните наставници за работа со деца со посебни образовни потреби.<br>➢ Недоволно покренување иницијативи за измена и дополнување на наставните планови и програми.<br>➢ Училиштето располага со недоволен број на технички и наставни помагала;<br>➢ Поддршка од локалната средина и бизнис заедницата за обезбедување на технички и наставни помагала<br>➢ Недоволна вклученост на учениците во изборот и |

| | |
|---|---|
| интеграција - Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем<br>➢ Проекти ERASMUS + KA 1 и KA 2<br>➢ E-TWINING проекти<br>➢ Афирмирање на училиштето во непосредната околина и пошироко<br>➢ Во училиштето постојат и успешно работат повеќе вонаставни активности кои го афирмираат училиштето во градот и државата<br>➢ Партиципацијата на учениците во донесување на важни одлуки преку ученичката заедница уредно евидентирање на вонаставните активности во посебни регистри<br>➢ Учениците со поддршка на наставниците учествуваат на проекти, натпревари, манифестации. соработка на родителите во реализирање на вонаставните активности (отворените денови и слични манифестации)<br>➢ Во вонаставните активности се вклучени ученици со различни психофизички способности и ученици со посебни потреби.<br>➢ Со реализацијата на сите вонаставни активности училиштето се афирмира и стекна голем број на признанија награди за освоени први места на Општински, регионални , државни и меѓународни натпревари.<br>➢ Навремено изготвување на годишно - глобални, тематско-процесни планирања и дневни подготовки<br>➢ Следењето на планирањата на наставниците од страна на стручната служба во училиштето и директорот на училиштето<br>➢ Планирање на додатна и дополнителна настава<br>➢ Целокупниот колектив се стреми кон помодерна, посовремена настава со примена на најсовремини форми и активни методи на работа и примена на голем број нагледни средства. Вклучување на училиштето во голем број на проектни активности | планирањето на вонаставните активности од страна на наставниците<br>➢ Потреба од предавање за наставниците, за мотивација и вклучување на учениците со ПОП во вонаставните активности<br>➢ Временско и просторно ограничување за извршување на дел од вонаставните активности<br>➢ Училиштето нема доволно капацитет да ги приспособува наставните прогами по сите предмети, според можностите на децата со посебни потреби. |

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на подрачјата кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето.**

*Приоритетни подподрачја*

- Потреба од училишен дефектолог
- Опременост на кабинетите со современи нагледни средства
- Да се настојува учениците да имаат што поголема вклученост во изборот и планирањето на воннаставните активности
- Поголема вклученост на учениците ПОП во воннаставните активности
- Одржување и усовршување на размена на искуства и информации при изготвување на планирањата со стручни лица и институции

## Подрачје бр.2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТ НА ПОДРАЧЈЕТО:**

**2.1 Постигања на учениците**

**2.2 Задржување/ намалување на бројот (осипување) на учениците**

**2.3 Повторување на учениците**

# Р Е З И М Е

| Клучни јаки страни | Слаби страни |
| --- | --- |
| ➢ Константност на успехот на учениците преку примена на проекти,истражувачки активности во наставата и иновативни техники на работа<br>➢ Учениците имаат голем интерес за учество на натпревари<br>➢ Училиштето континуирано организира екскурзии од научно - образовен карактер<br>➢ На учениците кои што постигнале високи резултати на општински,регионални,државни натпревари им се доделуваат награди како мотивација за понатамошни достигнувања<br>➢ Активно учество на учениците,родителите и наста иците во хуманитарни акции од различен карактер | ➢ Поголемо интерактивно вклучување на учениците во наставата во воннаставни активности:<br>-организирање на клубови,<br>дебати,трибини, проекти, работилници<br>➢ Вклучување на учениците со ПОП во воннаставни активности<br>➢ Стручно усовршување за работа со надарени и талентирани ученици на наставниот кадар |

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на подрачјата кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**

*Приоритетни подподрачја*

- Потреба од современи нагледни средства, ИКТ, современи методи и техники и истражувачки проекти, работилници од различен карактер
- Потреба од поголема обученост  на наставниците за работа со деца со посебни потреби и талентирани деца

# Подрачје бр.3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТ НА ПОДРАЈЕТО:**

**3.1 Планирања на наставниците**

**3.2 Наставен процес**

**3.3 Искуства на учениците од учењето**

**3.4 Задоволување на потребите на учениците**

**3.5 Оценувањето како дел од наставата**

**3.6 Известување за напредокот на учениците**

| **Р Е З И М Е** | |
|---|---|
| **Клучни јаки страни** | **Слаби страни** |
| ➢ Наставниците изготвуваат тематско процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на настава кои ги доставуаат навремено во електронска и пишана форма.<br>➢ Навремено изготвување на полугодишните и годишните извештаи;<br>➢ Навремено организирање на одделенските и наставничките совети;<br>➢ Навремено информирање на наставниците за семинари, состаноци, конкурси итн; | ➢ Недоволна обученост на наставниците за работа со деца со посебни потреби;<br>➢ Наставниците во одделенска настава наидуваат на потешкотии во изготвување на програми за ученици со посебни потреби, но исто така се наидува на потешкотии кај наставниците од предметна настава кои веќе почнуваат со таков вид на работа со ученици со посебни потреби;<br>➢ Недоволен број на училишни ресурси и изнаоѓање на истите;<br>➢ Поглемиот дел од фондот на учебници од 4 до 9 одделение се многу оштетени;<br>➢ Недоволен број на компјутери за реализација на |

| | |
|---|---|
| ➢ За реализирање на наставата наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење;<br>➢ Добра прифатеност на ученици од друга етничка припадност;<br>➢ Добра прифатеност ученици со посебни потреби;<br>➢ Континуирано следење на успехот и поведението на учениците;<br>➢ Редовно користење на е-страни;<br>➢ Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина.<br>➢ Примена на современи техники во наставниот процес во комбинација со ИКТ;<br>➢ Реализација на интерни проекти;<br>➢ Прифаќање на нови проекти, семинари, обуки и десеминација на истите.<br>➢ Реализација на воннаставни активности;<br>➢ Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење;<br>➢ Училиштето е средина на почитување на разликите и негување на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество;<br>➢ Добра интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето.<br>➢ Учениците се вклучени во различни проекти и нивните трудови се истакнувани на видни места.<br>➢ Учениците го искажуваат своето мислење и учествуваат во давање предлози и преземање одговорност.<br>➢ Наставниците креираат позитивна атмосфера за развивање на вредностите за МИО кај своите ученици во секојдневната наствна практика;<br>➢ Користење на разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик; | предметот Работа со компјутери;<br>➢ Недоволно користење активности кои поттикнуваат критичко мислење, анализа и решавање проблеми;<br>➢ Наставничката канцеларија делумно ги задоволува потребите на наставниците;<br>➢ Фискултурната сала не ги задоволува во целост потребите за изведување наставата (нема затоплување);<br>➢ Потреба од нагледни средства во кабинетите;<br>➢ Потреба од дефектолог и психолог во училиштето; |

| | |
|---|---|
| ➢ секој ученик може да се обрати до педагошко - психолошката служба за потребите во наставата;<br>➢ наставниците имаат индувидуален пристап кон секој од учениците;<br>➢ Учениците кои имаат лични проблеми добиваат соодветна поддршка при што се води сметка за приватноста, доверливоста и достоинството на ученикот;<br>➢ индивидуални разговори со родителите; | |

## **Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на подрачјата кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**

*Приоритетни подподрачја*

- Обука на наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Изготвување на критериуми за оценување на учениците со посебни потреби;
- Набавка на нагледни средства и изнаоѓање на ресурси;
- Училница со компјутерска опрема;
- Подготовка и средување на сензорна соба.

# Подрачје бр.4:ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**ИНДИКАТОРНИ НА КВАЛИТЕТ НА ПОДРАЈЕТО:**

**4.1 Севкупна грижа за учениците**

**4.2 Здравје**

**4.3 Советодавна помош за понатамоошно образование на учениците**

**4.4 Следење на напредокот**

| **Р Е З И М Е** | |
|---|---|
| **Клучни јаки страни** | **Слабости** |
| ➢ Професионална ориентација на учениците за понатамошно образование<br>➢ Примена на различни форми и инструменти за следење на напредокот на учениците<br>➢ Учениците се мотивираат да учествуваат на секаков вид на натпревари<br>➢ Постојана едукација на учениците за значењето на здравјето | ➢ Стручно усовршување на наставниот кадар за ученици со ПОП<br>➢ Потреба од изведување на симулација за постапување во случај на елементарна непогода<br>➢ Потреба од зголемување на стручната служба на училиштето со стручни соработници :психолог и специјален рехабилитатор-дефектолог |

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на подрачјата кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**

***Приоритетни подподрачја***

- *Примена на соодветни стратегии за работа за учениците со емоционлани потешкотии*
- *Работилници ,дебати за превенција и спречување на секаков вид насилство*
- *Организирање на екскурии за ученици како награда за постигнатите врвни резултати*

## Подрачје бр.5: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

**ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТ НА ПОДРАЈЕТО:**

**5.1. Училишна клима и односи во училиштето**

**5.2. Промовирање на постигањата**

**5.3. Еднаквост и правичност**

**5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

| **Р Е З И М Е** | |
|---|---|
| **Клучни јаки страни** | **Слаби страни** |
| ➢ Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците<br>➢ Кодексот на однесување е донесен и прифатен од сите структури во училиштето<br>➢ Наставниците ги поттикнуваат учениците кон повисоки постигањата | ➢ Недостаток на кабинети<br>➢ Индивидуализирана настава од страна на дефектолозите со децата со посебни потреби<br>➢ Недоволен број на нагледни сретства<br>➢ Недостаток на отворени спортски терени<br>➢ Наставниците не се обучени за работа со деца со |

| | |
|---|---|
| ➢ Наставниците меѓусебно се почитуваат и соработуваат<br>➢ Правилникот за изрекување педагошки мерки доследно се почитува<br>➢ Училиштето постигнува завидни резултати на натпревари на знаења и натпревари во вонnаставни активности<br>➢ Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори<br>➢ Наставниците не прават разлика помеѓу учениците со различни способности, различна етничка припадност и во однос на полот<br>➢ Учениците ги знаат, практикуваат и заштитуваат сопствените права и ги почитуваат правата на другите<br>➢ Постои взаемна меѓуетничка и мултикултурна соработка на учениците и вработените со училишта од општината<br>➢ Оспособен и компетентен наставен кадар<br>➢ Наставните планови и програми се реализираат во целост<br>➢ Воспоставена филозофија за доживотно учење<br>➢ Наставниците се обучени и оспособени за користење на современите форми и методи и примена на ИКТ во наставата.<br>➢ Постојано следење на напредокот на училиштето во сите области.<br>➢ Воспоставена соработка со локална заедница<br>➢ Примена на новитети со наставата<br>➢ Еднаков и правичен однос кон учениицconfigure<br>➢ Учество во проекти<br>➢ Активно учество на натпревари<br>➢ Воспоставена грижа за безбедноста и здравјето н а учениците<br>➢ Прилив на ученици<br>➢ Учење на содржините од наставниот материјал преку применливост на ИКТ восите области.<br>➢ Ажурирање на веб страница во училиштето<br>➢ Подобар квалитет во учењето со применливост на ИКТ во сите области | посебни потреби<br>➢ Наставниците не се обучени за работа со талентирани деца<br>➢ Недоволна вклученост на родителите во проектите од училиштето<br>➢ Отсуство на рана детекција и работа со талентирани ученици |

| | |
|---|---|
| ➢ Обезбедување и контрола на посакуваниот квалитет на образованието преку мерења и бројчано изразени резултати(дијалектичко единство од квантитативни и квалитативни компоненти | |

## Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на подрачјата кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето

*Приоритетни подподрачја*

- Да се поттикнуваат учениците за поголемо учество на натпревари на знаења
- Подобрување на етосот во училиштето со цел поголема целисходност, почитување и отвореност што се пренесуваат на доброто однесување и личниот развој;
- Редовна соработка и интерес за успехот на учениците, со посебен акцент на воспитната дејност

# Подрачје бр.6 РЕСУРСИ

**ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТ НА ПОДРАЈЕТО:**

**6.1 Сместување и просторни капацитети**
**6.2 Наставни средства и материјали**
**6.3 Обезбедување на потребниот наставнички кадар**
**6.4 Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар**
**6.5 Финансиско работење во училиштето**

| **Р Е З И М Е** | |
|---|---|
| **Клучни јаки страни** | **Слабости** |
| ➢ редовно оддржување на училишната зграда<br>➢ редовно оддржување на инфраструктурата<br>➢ наменско користење на буџетските и материјалните средства<br>➢ вклучување на наставниците во голем број обуки,семинари,конференции и нивна дисеминација<br>➢ примена на современи методи и техники во наставата<br>➢ современ училишен објект кој ги задоволува потребите за реализирање на воспитно-образовниот процес<br>➢ континуран ангаржман и стремеж за стручнп интернационално усовршување на наставниот кадар | ➢ решавање на проблемот со загревање на фискултурната сала на училиштето и нејзино оддржување<br>➢ потреба од оддржување на кабинетска настава<br>➢ недостаток на училиници за оддржување на одделенска настава |

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на подрачјата кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**

*Приоритетни подподрачја*

- *Континурано оддржување на училишната зграда и нејзината инфраструктура*
- *Набавка на нови современи нагледни средства неопходни за реализација на наставата и наставниот процес*
- *Континурано стручно усовршување на наставниот кадар*

## Подрачје бр.7 УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

**ИНДИКАТОРИ НА КВАЛИТЕТ НА ПОДРАЈЕТО:**

**7.1 Управување и раководење со училиштето**

**7.2 Цели и креирање на училишната политика**

**7.3 Развојно планирање**

<table>
<tr><th colspan="2">Р Е З И М Е</th></tr>
<tr><th>Клучни јаки страни</th><th>Слабости</th></tr>
<tr><td>
<ul>
<li>Структурата на членовите на раководење со училиштето т.е. половата застапеност е 7 жени.</li>
<li>Училиштето располага со обучени наставници за активна настава и имплементација на проекти, оспособен директор, водач и менаџер.</li>
<li>Дејноста и надлежностите се јасно дефинирани согласно законот и статутот за образование и наука.</li>
</ul>
Соработката се одвива со планирана динамика на задолжителни состаноци однапред испланирани со годишната програма, состаноците за размена на идеи се одржуваат со редовно присуство на наставниците и стручната служба на училиштето. Состаноците се од формален и неформален карактер. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности.<br><br>
Училишната библиотека располага со повеќе од 5 наслови по ученик и е отворена секојдневно, преку целиот ден, за потребите научениците и наставниот кадар. . Раководниот орган има изградено личен кредибилитет и професионален<br><br>
однос кон работата. Ги следи, организира и реализира промените поврзани со концепцијата за
</td><td>
<ul>
<li>Училиштето делумно располага со наставни средства и помагала за изведување на наставата по сите предмети.</li>
<li>Делумно располага со ИКТ опрема за изведување на современа настава, но според спроведената анкета меѓу наставниците недоволно се користи интернетот во наставата, поради проблеми со бежичниот интернет и недоволната опременост со компјутери.</li>
<li>Училиштето има потреба од стручен кадар кој би се вклучил при работа со деца со пречки во развојот и потешкотии во учењето, кои се вклучени во редовната настава.</li>
<li>Недоволен број на хигиеничари, со цел да се подобри хигиената во училиштето.</li>
</ul>
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| деветгодишното образование. Во соработка со БРО и МОН овозможува едукација на наставниот кадар. Своето работење го заснова на тимска работа со вклучување на сите субјекти во воспитно образовниот процес. Го следи наставниот процес преку посета наставни часови и вонаставни активности.<br><br>➢ Училиштето има креирано политика за работа и развој на наставата, унапредување на процесот на напредување на учениците и усовршување на наставниците. Училиштето е вклучено во реализација на сите проекти во соработка со МОН, БРО, Локалната самоуправа и УСАИД;<br>➢ Развојното планирање (годишната програма) е изготвено од тимовите на наставници, педагогот и директорот кои работеа на утврдување на подрачјата за развој, целите и задачите, и евалуацијата;<br><br>➢ Во креирањето на политиката освен наставниците и учениците вклучени се и родителите преку Советот на родители и Училишниот одбор;<br><br>➢ Раководењето и планирањето на работата на училиштето се темели на визијата: **„Се стремиме кон ученици како личности кои ќе користат современо образовна технологија во корист на остварување на целите на учењето, како потреба и нужност да градат систем на позитивни вредности, а со тоа ќе ги подготвиме да придинесат во градењето демократско граѓанско друштво „**<br>➢ Активна соработка со локалната самоуправа, невладини организации, социјални и културни установи; | |

| | |
|---|---|
| Раководноит орган (во соработка со стручните органи и тела) преку изработка и аплицирање на проекти, реализира инфраструктурни зафати, едукација наставниот кадар и набавка на нагледни средстваи опремување и оплеменување на просторот | |

**<u>Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на подрачјата кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето</u>**

*Приоритетни подподрачја*

- Зголемување на бројот на хигиеничари, со цел да се подобри хигиената во училиштето.
- Да се зголеми опрема за изведување на современа ИКТ настава и подобрување на квалитетот на бежичниот интернет и недоволната опременост со компјутери.

Директор: Училиштен одбор:

Хари Стојаноски М-р Ирена Христовска